РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-282/9
03.12.2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15, Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на Својата 43 седница одржана на 27.10.2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за исправка на Решението бр 08-282/7 од 27.10.2023 година

1. Се врши исправка на Решението за акредитација на студиската програма „Одржлива енергетика и животна средина", втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со бр. 08-282/7 од 27.10.2023 година, донесена од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

2. Во Решението за акредитација на студиската програма „Одржлива енергетика и животна средина", втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со.бр. 08-282/7 од 27.10.2023 година, донесена од страна на Одборот за акредитација на високото образование, во точка 3 наместо **студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на науки по машинство / во меѓународен промет, академски, назив: Master of Science in mechanical engineering**, треба да стои **студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на науки по машинство /во меѓународен промет академски назив: Master of Sciences in Mechanical Engineering – Sustainable Energy and Environment.**

3. Исправката произведува правно дејство од денот од кој производува правно дејство на Решението за акредитација на студиската програма „Одржлива енергетика и животна средина", втор циклус на академски студии – постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со бр. 08-282/7 од 27.10.2023 година, донесена од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

**О б р а з л о ж е н и е**

На барање на Машински факултет заради нивна техничка грешка при изготвување на елаборатот, во точка 3 од решението за акредитација наместо студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити на англиски јазик и се стекнува со академски назив: Магистер на науки по машинство/во меѓународен промет академски назив: Master of Science in mechanical engineering треба да стои студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на науки по машинство /во меѓународен промет академски назив: Master of Sciences in Mechanical Engineering – Sustainable Energy and Environment.

Врз основа на горенаведеното, Одборот за акредитација на високото образование одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски